Македонија



**Записник**
**од Осмата седница на Генералното собрание**
**на GS1 Македонија**
одржана на 06.05.2015 година

Врз основа на член 10 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија, претседателот на Собранието на GS1 Македонија, г-дин Симон Наумоски, свика Осма седница на Генералното собрание на GS1 Македонија на 06.05.2015 година, со следниот

**Дневен ред**

1. Предлог-записник од Седмата седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 25.06.2014 год;
2. Предлог-извештај за работа на GS1 Македонија во 2014 год. со прилог на компаративен приказ на финансиските резултати во периодот 2010-2014 год;
3. Предлог-одлука за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на финансиското работење на GS1 Македонија во 2014 год;
4. Предлог-програма за работа на GS1 Македонија во 2015 год;
5. Предлог-финансиски план на GS1 Македонија за 2015 год;
6. Предлог-одлука за промена на седиштето на GS1 Македонија;
7. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на GS1 Македонија;
8. Предлог-одлука за усвојување на одлуките на Управниот одбор на GS1 Македонија, донесени на XIV-та и XV-та седница ;
9. Предлог-одлука за разрешување на член на Управниот одбор;
10. Предлог-одлука за именување на член на Управниот одбор;
11. Разно

Седницата ја отвори и ја водеше г-дин Симон Наумоски, претседател на Собранието на GS1 Македонија. Со работа започна во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа 34 претставници на членките на GS1 Македонија. Согласно протоколот за присуство на седница на Генерално Собрание, сите присутни имаа претходно доставено до Генералниот извршен директор на GS1 Македонија писмена пријава за учество и предадено Полномошно за номинирано лице од фирмата за легитимно учество во работата и носењето на одлуки на Генералното Собрание.

Претседателот Наумоски констатира дека Генералното Собрание може полноправно да продолжи со работа со оглед дека постои поголем број од одредениот кворум од 21 член од вкупниот број членови на Собранието (согласно член 11 од Статутот на GS1 Македонија).

Г-дин Наумоски предложи записничар да биде г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија, а двајца оверувачи на Записникот да бидат: г-дин Сашо Кировски – извршен директор во Виталиа Никола и др. ДОО- Скопје и г-дин Славчо Бујароски, управител на Сигма –СБ Славчо ДООЕЛ -Скопје.

Ул. Даме Груев Бр. 5
1000 Скопје
Р. Македонија
Т: + 389 (0)2 32 54 250
Ф: + 389 (0)2 32 54 254
gs1mk@gs1mk.org.mk

www.gs1mk.org.mk

Предлозите за записничар и оверувачи едногласно се усвоија.
Предложениот Дневен ред едногласно се усвои.

**АД/1** Записникот од Седмата седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 25.06.2014 год. се усвои без забелешки.

**АД/2** Предлог-извештајот за работа во 2014 год. го образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Активностите за непосредни контакти со членките се зголемени и нивно интензивно информирање за бенефитите од користењето на GS1 стандардите, со воедно пружање на дополнителни инструкции и стручни совети за правилна примена на баркодовите. Продолжено е со имплементација на проектите: Сертифицирана Акредитација, GEPIR, меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија и со публицистичката и едукативната дејност. Зголемено е користењето на web сајтот на GS1 Македонија од страна на членките и потенцијалните членки. За поттикнување на развојот и оптимализацијата на употребата на GS1 глобалните стандарди во деловното работење во производните и непроизводните сектори, организирани се низа едукативни семинари и интерактивни работилници со огромна посетеност. Во активностите кои ја одбележаа 2014 година, се истакнува одлично организираната прослава на 20 годишнината од формирањето на Асоцијацијацијата и издавањето на публикацијата/монографијата по тој повод, доделување на плакети и благодарници на долгогодишни активни членки на GS1 Македонија, со ексклузивна промоција на новиот Проект- GS1 Каталог на македонски производи.

Извршниот директор истакна дека прогресот е постигнат со зголемениот обем на работа, новите услуги кои се даваат на членките, зголемениот број едукативни активности и превод на македонски јазик на стручните брошури кои се поставуваат на web сајтот.

Во дискусијата се искажаа пофалби за остварените резултати во 2014 година, особено на полето на тековната работа со членките, зголемената промоција на GS1 стандардите помеѓу бизнис заедницата, со посебен акцент на постигнатите резултати во промоцијата на GS1 Македонија на национално и меѓународно ниво и нејзиното препознавање како деловен партнер од доверба. Посебно се потенцираа успешните финансиски резултати постигнати од осамостојувањето на GS1 Македонија, дадени во прилог, со компаративна анализа за периодот 2010-2014 година.

По дискусијата, Предлог-извештајот за работа во 2014 година, едногласно се усвои во текст еднаков со предложениот.

**АД/3** По Предлог-извештајот за извршената ревизија на финансиското работење на GS1 Македонија во 2014 година елабораше претседателот Симон Наумоски.

По дискусијата, Собранието едногласно го усвои ревизорскиот извештај.

**АД/4** Предлог-програмата за работа во 2015 година ја образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека приоритетните активности на Асоцијацијата ќе бидат насочени кон поголема афирмација и промоција на GS1 стандардите, зголемување на свеста за корисноста од нивната апликативна примена во сите сектори, како и помош и едукација на македонските фирми, особено извозно ориентираните, со цел нивна зголемена конкурентност и иновативност во 2015 година, во насока на нивно деловно приспособување и

прилагодување кон европските стандарди. За таа цел се планира одржување на низа семинари, издавање на стручни брошури, објавување на едукативни написи на web сајтот и во месечното електронско списание на GS1 Македонија. Најголем предизвик во 2015 година ќе биде омасовување на GS1 Каталогот на македонски производи со кој ќе се обезбеди извор на доверливи и точни информации за македонските производи, а бенефити ќе имаат сите учесници во дистрибутивниот синџир во Републиката. Низ три видео презентации за: GDSN, GS1 Каталогот и за EDI, како приоритетни проекти во 2015 година, извршниот директор сликовито ги претстави деталите од реализацијата на овие проекти и бенефитите за корисниците на истиот.

Во дискусијата е дадена поддршка на предложените програмски активности.

По дискусијата, едногласно се усвои Предлог-програмата за работа во 2015 година, во текст еднаков со предложениот.

**АД/5** Предлог-финансискиот план го образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека проекцијата за 2015 година е изготвена со зголемување на вкупните расходи, со оглед на купувањето и опремувањето на деловниот простор во сопственост на GS1 Македонија .

Предложениот финансиски план едногласно се усвои во текст еднаков со предложениот.

**АД/6, АД/7** По двете точки образложение поднесе Претседателот на Собранието, г-дин Симон Наумоски. Тој истакна дека поради промената на седиштето на Асоцијацијата и допрецизирањето на условите кога на член на Управниот одбор му престанува мандатот пред истекот на мандатниот период, се вршат предложените измени на Статутот.

Двете одлуки беа едногласно донесени во текст еднаков со предложаниот.

**АД/8** По точката 8 во која се содржани неколку одлуки за престанок на членството во GS1 Македонија по три основи, согласно Статутот на GS1 Македонија, образложение поднесе извршниот директор Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека Стручната служба ги извршила сите потребни истражувања, пребарувања, (за фирмите кои се во стечај или ликвидација), обиди за наплата на заостанатиот долг, како и сите административни процедури во случаите на доброволно откажување од членство или преотстапување на GS1 бројот на друга фирма. Списоците на фирмите кои се предложени за престанок на членство се составен дел на секоја поединечна одлука, по различен основ. Овие 3 одлуки со кои на 74 фирми им престанува членството, Управниот одбор ги донел на својата XV-та седница, а двете одлуки за купување на недвижност и опремување на деловниот простор ги донел на XIV-та седница, но поради поголема транспарентност и јавност во работењето, ги доставува на разгледување и усвојување и од страна на Собранието.

Собранието едногласно ги прифати и потврди донесенети одлуки од Управниот одбор, без забелешки.

**АД/9** Образложение за Предлог-одлуката за разрешување на член на Управниот одбор на GS1 Македонија пред истекот на мандатниот перид поднесе извршниот директор Слажана Милутиновиќ. Таа нагласи дека согласно член 13 став 4 од Статутот, член на Управниот одбор може да биде само претставник на фирма која е членка на GS1 Македонија и редовно ги подмирува обврските. Со

оглед дека врз основа на член 24, согласно член 30 од Статутот, на фирмата Тетекс АД Тетово и престана ченството во GS1 Македонија, следствено на тоа и на нејзиниот претставник, г-дин Жарко Трпкоски престана да постои основот по кој беше избран за чен на Управниот одбор на GS1 Македонија.

Собранието едногласно ја донесе Одлуката во текст еднаков со предложениот.

**АД/10** Претседателот Симон Наумоски даде предлог за нов член на Управниот одбор, г-ѓа Елизабета Кочовска Ицева –одговорно лице за финансии и развој во Веропулос ДООЕЛ Скопје, фирма активна членка на GS1 Македонија. Предлогот беше ставен на гласање. Сите присутни членови на Собранието едногласно и без забелешки го усвоија предлогот.

**АД/11** Под точката Разно немаше дискусија.

Седницата заврши со работа во 13:15 часот.

Записничар,

г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ

Оверувачи на Записникот:

1. г-дин Сашо Кировски
2. г-дин Славчо Бујароски

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Собранието на GS1 Македонија,

Симон НАУМОСКИ

Бр. 02-109/2
06.05.2015
Скопје